Бр. 12 – 1160/1
18.02.2020 од.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ------------- од Скопје на 14.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 27-тата седницата одржана на 14.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предметот со број 12-2695/1 од 14.05.2019 година врз основа на пријава поднесена од подносителот ---------------- од Скопје на 14.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, во кој се укажува на сомневање за незаконитости сторени од страна на нотар ----------------- во оставинска постапка поврзани со обезбедување на друг документ, односно наместо извештај од банкарски сметки на починатиот родител на подносителот на пријавата со состојба од денот на смртта на починатиот, прибавен и доставен бил извештај од банкарски сметки на починатиот родител со состојба од денот на поделбата на оставината (11.011.2018 год). Во пријавата се наведува сомневање дека финансиските средства што биле дел од оставинската маса биле извадени од банкарските сметки на починатиот од страна на сестрата на подносителот на пријавата со помош на нејзиниот сопруг, судија на Уставен суд на РСМ, -----------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2695/1 од 14.05.2019 година, поради тоа што врз основа на посочените наводи во пријавата оформен е предмет по кој други надлежни институции (Министерство за внатрешни работи и Јавното обвинителство на РСМ ) постапуваат и преземаат конкретни процесни дејствија согласно закон.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2695/1 од 14.05.2019 е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител --------------- од Скопје.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости сторени од страна на нотар ----------- во оставинска постапка поврзани со обезбедување на друг документ, односно наместо извештај од банкарски сметки на починатиот родител на подносителот на пријавата со состојба од денот на смртта на починатиот, прибавен и доставен бил извештај од банкарски сметки на починатиот родител со состојба од денот на поделбата на оставината (11.011.2018 год). Во пријавата се наведува сомневање дека

финансиските средства што биле дел од оставинската маса биле извадени од банкарските сметки на починатиот од страна на сестрата на подносителот на пријавата со помош на нејзиниот сопруг, судија на Уставен суд на РСМ, ----------------.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави Барање за надлежно постапување со број 12-2695/3 од 24.09.2019 година до Министерството за внатрешни работи- Сектор за внатрешни работи-Скопје, доставувајќи ја пријавата со приложената документација на нивно надлежно постапување со цел да се изврши проверка на наводите во истата и за преземеното да се извести Државната комисија

Министерството за внатрешни работи- Сектор за внатрешни работи –Скопје Единицата за економски и компјутерски криминал Скопје до ДКСК достави Известување заведено со број 12-2695/4 од 27.11.2019 година со кое ја извести дека од нивна страна е постапено по наводите на пријавата и за преземените мерки и активности согласно со одредбите од Законот за кривична постапка, до Основното јавно обвинителство Скопје било доставено Известување со број 28.14.2-4031 од 28.10.2019 година.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и прибавените информации од други надлежни институции, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека врз основа на посочените наводи во пријавата оформен е предмет по кој други надлежни институции (Министерство за внатрешни работи и Јавното обвинителство на РСМ) постапуваат и преземаат конкретни процесни дејствија согласно закон.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Катица Николовска, заменик претседател и член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk